**20161202934**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јуни 2016 година.

Бр. 08-3012/1
28 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател на
Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

(1) Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16 и 53/16), во членот 31 став (4) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а по започнување на откупот на секој седми ден се истакнуваат минималните цени по земјоделски производ и/или класа според кои ќе се врши откупот наредните седум дена.“

(2) Во ставот (5) по зборовите: „останатите количини“ се додаваат зборовите: „по цени истакнати согласно со ставот (4) на овој член или по повисоки цени“.

Член 2 Во членот

39 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„Исплатата на средствата за реализација на договорите за набавка на пченица од ставот (3) на овој член се врши од страна на Агенцијата за стоковни резерви во висина на пазарната цена на пченицата од членот 40 став (3) од овој закон со средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија.“.

Член 3 Во членот 40 став (2) по зборот

„сезона“ се додаваат зборовите: „зголемени до 25%“.

Член 4

Во членот 43 ставот (3) се менува и гласи:

„Против решението од ставот (1) на овој член не е дозволена жалба и истото е конечно во управна постапка.“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор. Поведувањето на управен спор не го одлага извршувањето на решението.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 5 Започнатите постапки по поднесени жалби до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 6 Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.